Република Северна Македонија
Република е Македонисе së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
INSTITUCIONI NACIONAL
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
TEATRI POPULLOR MAQEDONAS
Бр. / Nr. 02-273/2
18.03. 26 год./viti
Скопје / Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Republika e Maqedonisë së Veriut
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
TEATRI POPULLOR MAQEDONAS

Врз основа на чл.77-и од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/24 и 132/25), чл.22 став 1 точка 12 од Статутот на РСМ НУ Македонски народен театар – Скопје под бр.02-731/1 од 30.10.2019 година, Управниот одбор, по предлог на Директорот, на ден 18.03.2026 година, го донесе следниот:

ПРАВИЛНИК

ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ИНТЕРНИОТ ОГЛАС, КАКО И НА ПРИЈАВАТА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДАВАТЕЛИТЕ НА ЈАВНИ УСЛУГИ, КРИТЕРИУМИТЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА АКТЕРИ ПО ГРУПИ, НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СЕЛЕКЦИЈАТА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ, КАКО И НАЧИНОТ НА НИВНО БОДУВАЊЕ ВО РСМ НУ МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР – СКОПЈЕ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник поблиску се уредува формата и содржината на интерниот оглас и на пријавата за унапредување на давателите на јавни услуги, критериумите за унапредување и распоредување на актерите по групи, начинот на спроведување на селекцијата за унапредувањето, како и начинот на нивно бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен интерниот оглас за унапредување на давателите на јавни услуги и унапредување и распоредување на актерите по групи во РСМ НУ Македонски народен театар Скопје (во понатамошниот текст: РСМ НУ МНТ).

II. ФОРМА И СОДРЖИНА НА ИНТЕРЕН ОГЛАС

Член 2

(1) Постапката за унапредување има за цел да им овозможи на давателите на услуги во културата, вработени во РСМ НУ МНТ кариерно напредување, односно преминување од пониски на повисоки работни места и истата започнува со

објавување на интерен оглас за спроведување на постапката за унапредување од пониско на повисоко работно место во РСМ НУ МНТ.

(2) Интерниот оглас за спроведување на постапката за унапредување и распоредување на актерите по групи од пониско на повисоко работно место во РСМ НУ МНТ се објавува во електронска форма на веб страницата на РСМ НУ МНТ или на огласната табла на РСМ НУ МНТ и истиот треба да содржи:

- лого и целосен назив на РСМ НУ МНТ;
- основ за објавување на интерниот оглас;
- број на интерниот оглас;
- за секое поединечно работно место во огласот: реден број, шифра, назив и број на извршители;
- за секое различно работно место во огласот: општи услови (согласно закон и/или колективен договор), посебни услови (образование, работен стаж, општи и посебни работни компетенции како на пр. познавање на странски јазик, работа со компјутери) и други услови согласно актот за систематизација на РСМ НУ МНТ;
- за секое различно работно место во огласот: распоред на работното време, почеток и завршеток на дневното и неделното работно време;
- за секое различно работно место во огласот: паричен нето износ на плата;
- рок за доставување на пријава за унапредување;
- на кој начин и каде треба да се поднесе пријавата за унапредување;
- кратка информација за начинот на спроведување на постапката за селекција.

(3) Рокот за пријавување на интерниот оглас не може да биде пократок од 15 (петнаесет) дена.

III. Критериуми за унапредување и распоредување на актери по актерски групи

Член 3

Критериуми по кои ќе се проценува распоредувањето и унапредувањето на актерите по групи се:

Актер Првенец

Врвни уметници кои придонесуваат за афирмација и творечкиот успех на матичната сцена на Театарот.

- Актер со остварени најмалку 50 професионални театарски улоги од кои 10 задолжително треба да се главни*
- Актерка со остварени минимум 40 професионални театарски улоги од кои 10 задолжително треба да се главни*

***Систем на бодување на професионални театарски улоги и награди:**

- епизодна/мала улога – 1 бод
- средна/споредна улога – 2 бода
- главна/голема улога- 3 бода
- домашна награда – 2 бода
- меѓународна награда – 3 бода
- Предложениот систем на броење (бодување) на улогите во оваа група се применува настрана од задолжителните главни улоги, односно во овој случај помали улоги и награди не можат да заменуваат главни улоги со цел да се достигне на тој начин број од 10 главни улоги. Покрај овие 10 задолжителни главни улоги се применува истиот систем на броење со цел достигнување 50, односно 40 улоги.

Актер прва група

Истакнати уметници кои со својот континуиран творечки ангажман се носители на репертоарот и од кои зависи аформацијата на творечкиот успех на матичната сцена на Театарот.

- Актер со остварени најмалку 40 професионални театарски улоги*
- Актерка со остварени најмалку 30 професионални театарски улоги*

***Систем на бодување на професионални театарски улоги и награди:**

- епизодна/мала улога – 1 бод

- средна/споредна улога – 2 бода
- главна/голема улога- 3 бода
- домашна награда – 2 бода
- меѓународна награда – 3 бода

Актер втора група

Уметници кои со своето искуство и креативните можности придонесуваат за афирмација на творечкиот успех на матичната сцена на Театарот.

- Актер со остварени најмалку 25 професионални театарски улоги*
- Актерка со остварени најмалку 18 професионални театарски улоги*

***Систем на бодување на професионални театарски улоги и награди:**

- епизодна/мала улога – 1 бод
- средна/споредна улога – 2 бода
- главна/голема улога- 3 бода
- домашна награда – 2 бода
- меѓународна награда – 3 бода

Актер трета група

Уметници чија активност се вреднува како особен придонес за творечкиот успех на матичната сцена на Театарот.

- Актери со остварени најмалку 15 професионални театарски улоги и*
- Актерки со остварени најмалку 10 професионални театарски улоги*

***Систем на бодување на професионални театарски улоги и награди:**

- епизодна/мала улога – 1 бод
- средна/споредна улога – 2 бода
- главна/голема улога- 3 бода
- домашна награда – 2 бода

- меѓународна награда – 3 бода

Актер четврта група

Нововработени актери и уметници чија активност се вреднува како придонес за творечкиот успех на матичната сцена на театарот

IV. Начин на спроведување на постапка за унапредување

Член 4

(1) Спроведувањето на постапката за унапредување се однесува на давателите на услуги кои што се вработените во РСМ НУ МНТ и тоа:
- сите нивоа на вработени од категоријата А;
- сите нивоа на вработени од категоријата Б;
- сите нивоа на вработени од категоријата В;
- сите нивоа на вработени од категоријата Г.

(2) Спроведување на постапката за унапредување се однесува на давателите на услуги од категоријата А, коишто се вработени во РСМ НУ МНТ на неопределено време и со договор за вработување на определено време.

Член 5

(1) Сите даватели на услуги кои се вработени во РСМ НУ МНТ и на кои се однесува постапката за унапредување имаат право да поднесат пријава по објавениот интерен оглас за унапредување до архивата на РСМ НУ МНТ. Кон пријавата, задолжително доставуваат лична биографија и диплома за завршено образование.
(2) Селекција на кандидатите за унапредување се спроведува најдоцна 15 дена од истекот на рокот за поднесување на пријавата за унапредување.
(3) Селекцијата на кандидатите за унапредување ја врши Комисија за селекција за постапка за унапредување (во понатамошниот текст: Комисија) формирана по предлог на Директорот и е составена од три (3) члена, претседател и двајца членови, како и нивни заменици.
(4) Претседателот и членовите на Комисијата, како и нивните заменици се бираат од редот на вработениот уметнички кадар во РСМ НУ МНТ.

(5) Претседателот и членовите на Комисијата, како и нивните заменици, треба да бидат на ниво на работно место на исто или најмалку едно ниво повисоко од нивното на работното место за кое се води постапка за унапредување.
(6) Одлуките Комисијата ги донесува со мнозинство гласови.

Член 6

(1) Комисијата за селекција за постапка за унапредување врши проверка на исполнетоста на условите за унапредување на кандидатите кои се пријавиле на интерниот оглас.
(2) Доколку на интерниот оглас за унапредување на даватели на јавни услуги од категоријата А, се пријавиле повеќе кандидати од бројот на слободни работни места, Комисијата за селекција за постапка за унапредување изборот го врши врз основа на оценката за ефектот, стручноста и компетентноста на кандидатите преку севкупниот придонес во развојот на институцијата.
(3) Комисијата за селекција за постапка за унапредување, изборот на кандидатите го образложува во Записник во писмена форма.
(4) За унапредување на давателите на јавни услуги од категоријата Б, В и Г со заснован работен однос на неопределено и определено време, Комисијата пристапува кон интервјуирање на кандидатите за унапредување.
(5) Интервјуто се врши од страна на Комисијата така што се поставуваат прашања во усна форма и мотивациони прашања. По завршување на интервјуто, Комисијата составува записник кој ги содржи следните податоци: датум, место и време на одржување на интервјуто, број на оглас, датум на објава на огласот, за секое различно работно место од огласот шифра и назив на работното место, број на извршители, податок за вкупен број на интервјуирани кандидати, како и име, презиме и потпис на претседателот и членовите на комисијата или нивните заменици.
(6) За унапредување на давателите на јавни услуги од категоријата А со заснован работен однос на неопределено и определено време, Комисијата пристапува кон реаудиција на кандидатите за унапредување.
(7) Реаудицијата ја спроведува Комисијата за селекција за постапка за унапредување согласно член 77-и од Законот за култура.
(8) Комисијата ја спроведува реаудицијата на начин што на кандидатите за реаудиција, Комисијата им доделува монолог – машка улога (за кандидатите мажи) и женска улога (за кандидатите жени) кои треба да ја подготват и презентираат пред Комисијата во рок не подолг од 10 дена. Максималниот број на бодови што може

да се оствари на реаудицијата изнесува 30 бодови. Вкупниот број на бодови од реаудицијата се утврдува врз основа на следните критериуми: актерска игра - 10 бодови; сценски говор - 10 бодови и сценски движења и танци - 10 бодови. Вкупниот број на бодови претставува збир од бодовите освоени по сите три критериуми.

(9) По завршување на реаудицијата, Комисијата составува записник кој ги содржи следните податоци: датум, место и време на одржување на реаудицијата, број на оглас, датум на објава на огласот, за секое различно работно место од огласот шифра и назив на работното место, број на извршители, податок за вкупен број на кандидати, бодови од реаудиција, бодови од системот за бодување на театарски улоги и награди, како и име, презиме и потпис на претседателот и членовите на комисијата или нивните заменици.

Член 7

(1) Согласно Записникот од спроведеното интервју за унапредување на давателите на јавни услуги од категоријата Б, В и Г и рангирање на кандидатите, како и од спроведената реаудиција за унапредување на давателите на услуги од категоријата А, Комисијата изготвува предлог на кандидат/и за унапредување и истиот го доставува до директорот на РСМ НУ МНТ најдоцна во рок од три дена од извршеното интервју/реаудиција.

(2) Директорот на РСМ НУ МНТ во рок од три дена од денот на добивањето на предлогот од Комисијата е должен да донесе одлука за унапредување, истата ја доставува до кандидатите и одлуката се објавува на веб страната и огласната табла на РСМ НУ МНТ.

(3) Против одлуката на директорот, незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена од приемот на одлуката да поднесе приговор до Управниот одбор на РСМ НУ МНТ.

(4) Управниот одбор на РСМ НУ МНТ, поднесениот приговор може да го отфрли како нецелосен, ненавремен или недозволен, да го одбие приговорот како неоснован и да ја потврди одлуката на директорот или да го усвои приговорот, да ја укине одлуката на директорот и предметот да го врати на повторно разгледување и одлучување.

(5) Одлуката по поднесениот приговор, Управниот одбор на РСМ НУ МНТ ја носи со мнозинство гласови од вкупниот број на членови и должен е истата да ја донесе најдоцна во рок од 8 (осум) дена по приемот на приговорот.

(6) Одлуката на Управниот одбор на РСМ НУ МНТ со која приговорот на незадоволниот кандидат/и се отфрла како нецелосна, ненавремена или недоволена и одлуката со

која приговорот на незадолниот кандидат/и се одбива како неоснована и се потврдува одлуката на директорот е конечна.

(7) Против одлуката на Управниот одбор, кандидатот може да покрене судски спор пред Основен граѓански суд Скопје во рок од 15 дена од денот на приемот на оваа Одлука.

(8) Во рок од три дена од конечноста на одлуката за избор на кандидат за унапредување, директорот на РСМ НУ МНТ носи решение за унапредување на повисоко ниво на работно место.

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

(1) Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување од страна на Управниот одбор на РСМ НУ МНТ.

(2) Со денот на влегување во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот бр.02-954 од 23.11.2022 година за формата и содржината на интерниот оглас, како и на пријавата за унапредување на носителите на дејност, критериумите за унапредување и распоредување на актери по групи, начинот на спроведување на селекцијата за унапредување, како и начинот на нивно бодување во РСМ НУ Македонски народен театар.

Претседател на Управен одбор
Ирена Папазова - Атанасоска